Co-funded by the European Union

# VR сценарио за обука: Збогатување на средината во нестимулативен дом/училишна средина за однесување поттикнато од барање на сензорна стимулација

Времетраење: Приближно 10 минути

Средина: Нестимулативна дневна соба/просторија за играње

Целна вештина: Збогатување на средината за однесување поттикнато од барање на сензорна стимуација

Профил на детето: Марко

- Возраст: 5 години
- Дијагноза: Нарушување од спектарот на аутизам (дијагностицирано на возраст од 2 години)
- Јазично ниво: Зборува со фрази од 2-3 збора, може да следи едноставни инструкции
- Моментални вештини:
    - Може да ги идентификува основните бои и форми
    - Започнува да ги учи буквите и броевите
    - Може да ги побара посакуваните предмети, користејќи фрази како „сакам колаче"
    - Независен во основни активности за самогрижа
    - Може да почека неколку минути за посакуваниот предмет или внимание
- Предизвикувачки однесувања:
    - Репетитивно вртење, скокање, често нишање на телото, допирање/триење површини
- Поткрепувачи:
    - Време е за iPad
    - Игра со балончиња
    - Музички играчки
    - Физички активности (скокање, вртење)

Ликови:

- Обучувач/Тренер/Дете: BCBA/Марко, 5-годишно дете со аутизам
- Наставничка: Г-ца Рената, на обука за RBT (Регистриран техничар за однесување)

Финансирано од Европска Унија. Искажаните ставови и мислења се само на авторот(ите) и не мора да ги одразуваат ставовите на Европската унија или Европската извршна агенција за образование и култура (EACEA). Ниту Европската Унија, ниту „EACEA"не можат да сносат одговорност за нив.

2023-1-DK01-KA220-HED-000153480

Лиценцирано под CC BY-NC-SA 4.0.

Сцена 1: Вовед и инструкции (2 минути)
[Средина: Нестимулативна соба со минимално мебел]
**Обучувач:** „Денес ќе се фокусираме на збогатување на средината на Марко, за да одговориме на неговите однесувања поттикнати од барање на сензорна стимулација. Нашата проценка покажува дека тој често се врти, скока, допира површини, особено во оваа празна и нестимулативна средина."
**Наставничка:** „Забележав дека најмногу бара да се движи кога околу него има малку стимулација."
**Обучувач:** „Точно. Наместо да се обидеме да ги запреме овие однесувања, ќе работиме на обезбедување на соодветни сензорни алтернативи и збогатување на средината."

Сцена 2: Почетна вежба (2 минути)
[Марко се движи низ празната соба и ги допира ѕидовите со рацете]
**Наставничка:** „Марко, дали сакаш да играш?" [Подава едноставна fidget играчка]
**Марко:** [Продолжува да се движи и да ги допира ѕидовите, ја игнорира играчката]
**Обучувач:** [Ја паузира симулацијата] „Размисли која сензорна дразба ја бара од ѕидовите. Ајде да се обидеме да вклучиме повеќе тактилни искуства во неговиот простор за играње, кои одговараат на неговата сензорна потреба. Исто така, да размислиме како можеме да ја збогатиме средината со цел да го спречиме однесувањето пред да се појави, наместо да даваме пристап до посакуваните предмети откако веќе започнал со активноста поттикната од барање на сензорна стимулација."

Сцена 3а: Практична примена (3 минути)
**Наставничка:** [Поставува сензорна станица: fidget spinner,  глобус кој се врти, гумена кокошка/меки играчки со звук кои се стискаат.]
**Марко:** [Не ги забележува новите предмети во просторијата, започнува да се движи низ празната соба и повторно ги допира ѕидовите со рацете]
**Наставничка:** „Марко погледни, има fidget spinner, глобус со различни текстури кој може да го вртиш и допираш, и играчки со звук/меки играчки кои се стискаат." [Покажува кон предметите]
**Марко:** [Ја зема гумената кокошка и почнува да ја стиска.]
**Наставничка:** „Одлично! Еден, два, три!" [Брои ритмички]
**Обучувач:** „Можеби не забележа, но му го посвети твоето внимание на Марко и му даде посакувани предмети откако тој започна со однесувањето поттикнато од барање на сензорна

стимулација. Иако тоа понекогаш е во ред, многу е важно да имаме предвид како овој редослед на настаните може да го поткрепи однесувањето и тоа да добие функција на барање на внимание или барање на опиплив предмет. Тоа што значи дека однесувањето може да се повтори во иднина за да го добие твоето внимание со цел да добие пристап до посакуваните предмети. Затоа, ајде да размислиме како да бидеме проактивни."

Сцена 3б: Практична примена (3 минути)

**Наставничка:** [Поставува fidget spinner, глобус кој се врти и гумена кокошка/меки играчки со звук кои се стискаат. Потоа, кога Марко не покажува однесување поттикнато од барање на сензорна стимулација, му приоѓа за да му ги покаже предметите] „Марко погледни, има fidget spinner кој може да го држиш и вртиш, глобус кој можеш да го допираш и вртиш и играчки кои можеш да ги стискаш." [Се приближува до предметите и демонстрира како се користат]

**Марко:** [Се приближува и го допира глобусот]

**Наставничка:** „Да Марко! Почувствувај го нерамниот глобус. Сакаш да го завртиш?" [Покажува кон глобусот]

**Марко:** [Се приближува кон глобусот и започнува да го допира]

**Наставничка:** „Одлично! Ајде да изброиме колку пати ќе го обиколиме целиот свет, еден, два, три!" [Брои ритмички]

**Обучувач:** „Добро, тоа беше одлично. Ајде да размислиме како ова може да функционира без твојата интеракција, за да може Марко самостојно да ги задоволи своите потреби со користење на материјалите од средината, без социјална пофалба и интеракција од твоја страна."

Сцена 4а: Вежба за ескалирање (2 минути)

[Марко е во просторијата збогатена со повеќе сензорни предмети]

**Наставничка:** [Кога Марко не покажува однесувања поттикнати од барање на сензорна стимулација, наставничката му приоѓа и му покажува визуелен распоред со слики на iPad] „Марко, погледни го распоредот, ова се работите со кои можеш да си играш сам."

**Марко:** [Се приближува кон играчката fidget spinner]

**Наставничка:** [Му приоѓа на Марко] „Супер Марко, дали сакаш да ти покажам како се користи оваа играчка?"

**Марко:** [Го губи интересот за играчката fidget spinner и се приближува кон глобусот]

**Наставничка:** [Му приоѓа на Марко] „Не Марко, сакав да ти покажам како се користи играчката fidget spinner."

**Марко:** [Изгледа вознемирено и започнува да скока и да се ниша со телото]
**Наставничка:** [Му приоѓа на Марко] „Не Марко, смири се, смири се, во ред е, можеш да играш со глобусот."
**Обучувач:** „Добро, ајде да разговараме за тоа што се случи. Почетокот беше добар, му го покажа на Марко визуелниот распоред и ја претстави средината. Но, имаше неколку моменти кога твоите интеракции всушност го прекина неговото природно истражување на предметите:

- Кога самостојно ја одбра играчката fidget spinner, му понуди да ја користиш заедно со него- ова додаде социјална интеракција кога не беше потребна
- Кога тој самостојно пристапи кон глобусот, се обиде да го насочиш повторно кон играчката fidget spinner
- Кога тој се вознемири, преку вербална поддршка ја зголеми социјалната интеракција

Запомни, нашата цел е да дозволиме средината да ја одржува неговата ангажираност. Всушност Марко, со изборот на активности покажа одлични вештини за самостоен избор. Следниот пат:

- Дозоволи му самостојно да истражува
- Повлечи се, освен во случај на безбедносна грижа
- Дозволи природни транзиции помеѓу активностите
- Избегнувај дополнителни вербални пофалби или насоки
- Дозволи сензорната повратна информација од активностите да биде самото поткрепување"

Сцена 4б: Вежба за ескалирање (2 минути)
[Марко е во просторијата збогатена со повеќе сензорни предмети]
**Наставничка:** [Кога Марко не покажува однесувања поттикнати од барање на сензорна стимулација, наставничката му приоѓа и му покажува визуелен распоред со слики на iPad] „Марко, погледни го распоредот, ова се работите со кои можеш да си играш сам."
**Марко:** [Се приближува кон гумената кокошка/играчките]
**Наставничката:** [Се повлекува, дозволува самостојно да се ангажира и ја следи безбедноста]
**Марко:** [Ја стиска играчката, потоа ја зема играчката fidget spinner]
**Обучувач:** „Одлично, го подготви Марко за успех. Забележи како средината го одржува неговото внимание. Нема потреба од социјална пофалба.“

Сцена 5: Рефлексија (1 минута)

**Обучувач:** „Одлично. Главната цел е да се уреди средината така што природно ќе ги задоволи неговите сензорни потреби, за тој сам да направи избор во која активност во средината ќе се вклучи, наместо да се појават себе-стимулирачки однесувања. Обезбедување на пристап до овие алтернативни предмети, визуелна поддршка за нивната употреба и твоите обиди за поткрепување на неговиот успех кога ќе влезе во средината, ќе му помогне на Марко да биде поуспешен кога е сам и во средините за играње."

**Наставничка:** „Ја гледам разликата од претходните наши сесии кога е оставен сам и јас не се вклучувам во активностите со него. Треба ли да го научиме сам да си направи визуелен распоред и да ги зема посакуваните материјали од други места?"

**Обучувач:** „Точно, тоа е нашиот следен чекор. Целта е самата средина да биде поткрепувачка, без да има потреба од интеракција со возрасни и дополнително да се научи Марко самостојно да ја збогатувата својата средина, со барање на посакуваните предмети и самостојно играње со истите."

Сцена 6: Самостојна пракса/Генерализација (2 минути)

**Обучувач:** „Сега ќе вежбаш самостојно. Јас сега ќе бидам детето, а ти ќе ги промениш твоите постапки врз основа на однесувањето на детето, не врз основа на моето обучување. Запомни дека треба да избегнуваш да ги поткрепуваш однесувањата кои се поттикнати од барање на сензорна стимулација и дека треба да бидеш проактивна во твоите пристапи."

[Обучувачот и наставничката, во улоги на наставничка и дете, вежбаат генерализација на наученото, насочувајќи се кон истото однесување поттикнато од барање на сензорна стимулација и претходно договорените реакции.]

Клучни точки за учење

1. Создавање на сензорни средини кои се самоодржливи
2. Минимизирање на социјалното поткрепување
3. Користење на визуелна поддршка за самостојни транзиции
4. Уредување на средината за спречување на однесувања поттикнати од барање на сензорна стимулација
5. Дозвола на природно вклучување во соодветни активности

Co-funded by the European Union

Критериуми за успех

- Средината го поддржува самостојното вклучување во активности
- Потребна е минимална интеракција со возрасен
- Јасна визуелна поддршка
- Детето се подготвува пред да остане само
- Достапни соодветни сензорни алтернативи
- Избегнување на давање на социјално и опипливо поткрепување за однесувањата поттикнати од барање на сензорна стимулација

Co-funded by the European Union

Финансирано од Европска Унија. Искажаните ставови и мислења се само на авторот(ите) и не мора да ги одразуваат ставовите на Европската унија или Европската извршна агенција за образование и култура (EACEA). Ниту Европската Унија, ниту „EACEA“не можат да сносат одговорност за нив.

Лиценцирано под CC BY-NC-SA 4.0.

2023-1-DK01-KA220-HED-000153480